**ЗАПИСНИК**
**од 61 (шеесет и прва) редовна седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 23 јануари 2025 година (четврток)**

Шеесет и првата седница на Советот на Општина Карпош се одржа на 23 јануари 2025 година (четврток), со почеток во 09.29 часот, во просториите Универзитетот за туризам и менаџмент Скопје.

Врз основа на евиденцијата, Претседателот на Советот утврди дека на седницата присуствуваат 23 членови на Советот, според што Советот може да работи и полноправно да одлучува.

На седницата присуствуваа следните членови на Советот: Добрила Андоновска, Зоран Краљевски, Убавица Игнатовска, Предраг Станковски, Адријана Јакимовска Панчевска, Александар Илиески, Христо Саракинов, Виолета Куновска, Владимир Бислимовски, Марин Докузовски, Дејан Лазаревски, Гордана Ивановски Велковска, Мартин Димоски, Бранко Ристов, Ивана Стоименовска, Славко Митевски, Невена Георгиевска, Татјана Стојановска, Давор Грче, Јахји Мемедов, Александра Антевска, Наталија Спировска и Благица Цветановска.

На 61. седница на Советот присуствуваше Секретарот на Општина Карпош Весна Стефанова, како и раководители на сектори од Општината, со цел да ги образложат предложените акти, доколку за тоа се јави потреба.

На 61.седница присуствуваше и Градоначалникот на Општина Карпош Стевчо Јакимовски.

Претседателот на Советот, согласно член 39 од Законот за локална самоуправа, член 16 од Статутот на Општина Карпош и член 59 од Деловникот на Советот на Општина Карпош ја отвори 61. седница на Советот на Општина Карпош по што се интонираше химната на Република Северна Македонија.

Зема збор Јелена Цветковиќ – од одделение за поддршка и организација на Советот, која образложи дека и во материјалите и на одржаните комисии се најавени и доставени променети предлог – одлуките за точка 5 и точка 6 од дневниот ред и како такви се предложени на усвојување до членовите на Советот.
Зема збор Благица Цветановска член на Советот на Општина Карпош која побара да се доделат финансиски средства на семејството Ковачевски.

Претседателот на Совет ги задолжи службите за следната седница да подготват предлог – одлука за доделување на финансиски средства.

Зема збор Тања Пантелич Гишев – од одделението за детска социјална и здравствена заштита која соопшти дека во 2024 година, во Комисијата за еднократна помош веќе се доделени 30,000,00 денари на семејството Ковачевски.

Бидејќи никој друг не се јави за збор за дневниот ред, Претседателот на Совет првенствено на гласање ги стави измената на точка 5 и точка 6 од предложениот дневен ред.

**Со 12 гласови ЗА извршена е измената и Предлог – Одлуката за утврдување надоместок за градежно земјиште за населеното место на подрачјето на Општина Карпош - с.Горно Нерези, односно населените места вон границите на ГУП на Град Скопје (кои претставуваат делови од КО Горно Водно, КО Долно Водно, КО Нерези и КО Нерези вон град) е ставена како точка 5 на предложениот дневен ред.**

**Со 12 гласови ЗА извршена е измената и Предлог – Одлуката за утврдување надоместок за градежно земјиште за населените места на подрачјето на Општина Карпош - с.Бардовци, односно населените места вон границите на ГУП на Град Скопје (кои претставуваат делови од КО Бардовци) е ставена како точка 6 на предложениот дневен ред.**

**Претседателот на совет, го стави на гласање изменетиот:**

**ПРЕДЛОГ – ДНЕВЕН РЕД**

1. **Предлог – Одлука за утврдување на вклопување на бесправен објект изграден на КПбр.660/5 КО Долно Водно во урбанистичко-планска документација заради усогласување на намената на бесправниот објект со намената на земјиштето**
2. **Предлог – Одлука за утврдување на вклопување на бесправен објект изграден на КПбр.646/40 КО Долно Водно во урбанистичко-планска документација заради усогласување на намената на бесправниот објект со намената на земјиштето**
3. **Предлог – Одлука за утврдување на вклопување на бесправен објект изграден на КПбр.1972/2, КП 1968/5 и КП 1972/9 КО Нерези во урбанистичко-планска документација заради усогласување на намената на бесправниот објект со намената на земјиштето**
4. **Предлог – Одлука за утврдување на вклопување на бесправен објект изграден на КПбр.1132/2, КП 1132/4-дел и КП 3384-дел КО Нерези во урбанистичко-планска документација заради усогласување на намената на бесправниот објект со намената на земјиштето**
5. **Предлог – Одлука за утврдување надоместок за градежно земјиште за населеното место на подрачјето на Општина Карпош - с.Горно Нерези, односно**

**населените места вон границите на ГУП на Град Скопје (кои претставуваат делови од КО Горно Водно, КО Долно Водно, КО Нерези и КО Нерези вон град)**

6. **Предлог – Одлука за утврдување надоместок за градежно земјиште за населените места на подрачјето на Општина Карпош - с.Бардовци, односно населените места вон границите на ГУП на Град Скопје (кои претставуваат делови од КО Бардовци)**
7. **Предлог - Одлука за донесување на Урбанистички проект со план за парцелација за формирање на нови градежни парцели од ГП 05.01 од ДУП населба Злокуќани опфат "А" со намена В2 – здравство, КО Злокуќани, Општина Карпош, поднесено од БИЛД УРБАН ДООЕЛ Скопје.**
8. **Предлог – Одлука за расходување на средствата на опремата и ситниот инвентар по извршениот попис за 2024 година**
9. **Предлог – Одлука за симнување од сметководствената евиденција на вонбилансни ставки**
10. **Предлог-Заклучок за усвојување на Кварталниот извештај за извршување на Буџетот на Општина Карпош за извештајниот период (кумулативно) за квартал од 01.10.2024 година до 31.12.2024 година**
11. **Предлог-Решение за давање согласност на Одлуката за формирање на Комисијата за прием на деца над капацитет и утврдување на критериумите за прием на деца над капацитет во Јавната установа општинска детска градинка „Мајски Цвет“ Карпош-Скопје**
12. **Предлог-Решение за давање согласност на Одлуката за формирање на Комисијата за прием на деца над капацитет и утврдување на критериумите за прием на деца над капацитет во Јавната установа општинска детска градинка „Орце Николов“, Општина Карпош-Скопје**
13. **Предлог-Решение за давање согласност на Одлуката за формирање на Комисијата за прием на деца над капацитет и утврдување на критериумите за прием на деца над капацитет во Јавната установа општинска детска градинка „Пролет“, Општина Карпош-Скопје**
14. **Предлог-Решение за давање согласност на Одлуката за формирање на Комисијата за прием на деца над капацитет и утврдување на критериумите за прием на деца над капацитет во Јавната установа општинска детска градинка „Распеана Младост“, Општина Карпош-Скопје**
15. **Предлог-Одлука за одобрување финансиски средства за опожарен дуќан – опожарени стоки (текстил)**

По спроведеното гласање со 18 гласови ЗА, ПРОТИВ нема и ВОЗДРЖАНИ нема, констатирано е дека е усвоен следниот:

**ДНЕВЕН РЕД**

1. Предлог – Одлука за утврдување на вклопување на бесправен објект изграден на КПбр.660/5 КО Долно Водно во урбанистичко-планска документација заради усогласување на намената на бесправниот објект со намената на земјиштето
2. Предлог – Одлука за утврдување на вклопување на бесправен објект изграден на КПбр.646/40 КО Долно Водно во урбанистичко-планска документација заради усогласување на намената на бесправниот објект со намената на земјиштето
3. Предлог – Одлука за утврдување на вклопување на бесправен објект изграден на КПбр.1972/2, КП 1968/5 и КП 1972/9 КО Нерези во урбанистичко-планска документација заради усогласување на намената на бесправниот објект со намената на земјиштето
4. Предлог – Одлука за утврдување на вклопување на бесправен објект изграден на КПбр.1132/2, КП 1132/4-дел и КП 3384-дел КО Нерези во урбанистичко-планска документација заради усогласување на намената на бесправниот објект со намената на земјиштето
5. Предлог – Одлука за утврдување надоместок за градежно земјиште за населеното место на подрачјето на Општина Карпош - с.Горно Нерези, односно населените места вон границите на ГУП на Град Скопје (кои претставуваат делови од КО Горно Водно, КО Долно Водно, КО Нерези и КО Нерези вон град)
6. Предлог – Одлука за утврдување надоместок за градежно земјиште за населените места на подрачјето на Општина Карпош - с.Бардовци, односно населените места вон границите на ГУП на Град Скопје (кои претставуваат делови од КО Бардовци)
7. Предлог - Одлука за донесување на Урбанистички проект со план за парцелација за формирање на нови градежни парцели од ГП 05.01 од ДУП населба Злокуќани опфат "А" со намена В2 – здравство, КО Злокуќани, Општина Карпош, поднесено од БИЛД УРБАН ДООЕЛ Скопје
8. Предлог – Одлука за расходување на средствата на опремата и ситниот инвентар по извршениот попис за 2024 година
9. Предлог – Одлука за симнување од сметководствената евиденција на вонбилансни ставки
10. Предлог-Заклучок за усвојување на Кварталниот извештај за извршување на Буџетот на Општина Карпош за извештајниот период (кумулативно) за квартал од 01.10.2024 година до 31.12.2024 година
11. Предлог-Решение за давање согласност на Одлуката за формирање на Комисијата за прием на деца над капацитет и утврдување на критериумите за прием на деца над капацитет во Јавната установа општинска детска градинка „Мајски Цвет" Карпош-Скопје
12. Предлог-Решение за давање согласност на Одлуката за формирање на Комисијата за прием на деца над капацитет и утврдување на критериумите за

**прием на деца над капацитет во Јавната установа општинска детска градинка „Орце Николов“, Општина Карпош-Скопје**

13. **Предлог-Решение за давање согласност на Одлуката за формирање на Комисијата за прием на деца над капацитет и утврдување на критериумите за прием на деца над капацитет во Јавната установа општинска детска градинка „Пролет“, Општина Карпош-Скопје**
14. **Предлог-Решение за давање согласност на Одлуката за формирање на Комисијата за прием на деца над капацитет и утврдување на критериумите за прием на деца над капацитет во Јавната установа општинска детска градинка „Распеана Младост“, Општина Карпош-Скопје**
15. **Предлог-Одлука за одобрување финансиски средства за опожарен дуќан – опожарени стоки (текстил)**

**Претседателот на Совет го повика Славко Митевски како претседател на Комисијата за прописи да даде извештај од оддржаната комисија.**

Зема збор Славко Митевски – претседател на комисијата за прописи кој даде извештај од 46. оддржана седница на комисија констатирајќи дека предложените точки се согласно закон и ги проследи до Советот на одлучување.

1. **Предлог – Одлука за утврдување на вклопување на бесправен објект изграден на КПбр.660/5 КО Долно Водно во урбанистичко-планска документација заради усогласување на намената на бесправниот објект со намената на земјиштето**

Претседателот отвори расправа.

Зема збор Христо Саракинов – член на Советот кој посочи дека за последната легализација било кажано дека таа е последна легализација но не било така. Недозволиво е да се дозволат легализации во парк шума Водно. Во овој случај над границите на ГУП е шумата Водно. Сите се надовор од опфатот на ГУП-от, а нема информација дали ќе се менува или ќе се прошири. Во Програмата за урбанистичко планирање која што е изгласана не е предвиден таков ДУП.

Зема збор Добрила Андоновска член на Советот која реплицираше на Христо Саракинов член на Советот, посочувајќи дека на седница на Советот не било кажано дека нема повеќе да се легализира било кажано дека доколку се донесе новиот закон за легализација Општина Карпош нема да постапува односно нема да легализира. На територија на Македонија се легализарало и каде нема ДУП-ви.

Зема збор Благица Цветановска – член на Совет на Општина Карпош која што изјави дека на минатата седница од советничката група на ВМРО – ДПМНЕ и коалицијата биле посочени одредби од Законот за бесправно изградени објекти. На територија на Општина

Карпош има нелегализирани објекти но се во рамките на ГУП-от, но овие предмети се надовор од опфатот, но овие работи нема да останат така и ќе се проследат процедурите и ќе има постапки за службите.

Зема збор Христо Саракинов – член на Советот кој посочи дека нема предвидено проширување на планскиот опфат.

Бидејќи никој друг не се јави за збор, Претседателот на Совет го затвори претресот и точката ја стави на гласање.

**По спроведеното гласање со 10 гласови ЗА, 8 гласови ПРОТИВ и 1 глас ВОЗДРЖАН, констатирано е дека не е усвоена Предлог - Одлука за утврдување на вклопување на бесправен објект изграден на КПбр.660/5 КО Долно Водно во урбанистичко-планска документација заради усогласување на намената на бесправниот објект со намената на земјиштето.**

2. **Предлог – Одлука за утврдување на вклопување на бесправен објект изграден на КПбр.646/40 КО Долно Водно во урбанистичко-планска документација заради усогласување на намената на бесправниот објект со намената на земјиштето**

**По спроведеното гласање со 10 гласови ЗА, 8 гласови ПРОТИВ и 1 глас ВОЗДРЖАН, констатирано е дека не е усвоена**

3. **Предлог – Одлука за утврдување на вклопување на бесправен објект изграден на КПбр.1972/2, КП 1968/5 и КП 1972/9 КО Нерези во урбанистичко-планска документација заради усогласување на намената на бесправниот објект со намената на земјиштето**

.

**По спроведеното гласање со 11 гласови ЗА, 2 гласови ПРОТИВ и нема ВОЗДРЖАНИ, констатирано е дека не е усвоена Предлог - Одлуката за утврдување на вклопување на бесправен објект изграден на КПбр.646/40 КО Долно Водно во урбанистичко-планска документација заради усогласување на намената на бесправниот објект со намената на земјиштето.**

4. **Предлог – Одлука за утврдување на вклопување на бесправен објект изграден на КПбр.1132/2, КП 1132/4-дел и КП 3384-дел КО Нерези во урбанистичко-**

**планска документација заради усогласување на намената на бесправниот објект со намената на земјиштето**

**По спроведеното гласање со 11 гласови ЗА, 2 гласови ПРОТИВ и нема ВОЗДРЖАНИ, констатирано е дека не е усвоена Предлог - Одлуката за утврдување на вклопување на бесправен објект изграден на КПбр.1132/2, КП 1132/4-дел и КП 3384-дел КО Нерези во урбанистичко-планска документација заради усогласување на намената на бесправниот објект со намената на земјиштето.**

5. **Предлог – Одлука за утврдување надоместок за градежно земјиште за населеното место на подрачјето на Општина Карпош - с.Горно Нерези, односно населените места вон границите на ГУП на Град Скопје (кои претставуваат делови од КО Горно Водно, КО Долно Водно, КО Нерези и КО Нерези вон град)**

Претседателот отвори расправа.

Зема збор Славко Митевски – член на Советот на Општина Карпош кој посочи дека не треба да бидат различни износите на комуналиите во с.Горно Нерези и Бардовци. Побара да се изедначат а заА2 да се зголеми двојно повеќе, односно да биде 160 евра по м2 за А2.

Претседателот на Советот побара од службите да дадат одговор во име на Градоначалникот.

Бидејќи не беа присутни од Секторот за урбанизам, претседателот на Совет даде пауза.

По завршувањето на паузата и утврденот кворум за работа, продолжи седницата.

Зема збор Градоначалникот кој посочи дека пред 2 години се зголемени комуналиите за Бардовци и токму затоа сега не се зголемуваат во тој дел односно во намена А2 комуналиите за Бардовци него само за с. Горно Нерези. Градоначалникот не го прифаќа предлогот на Славко Митевски – член на Советот .

Бидејќи никој друг не се јави за збор, претседателот го затвори претресот.

Претседателот на Совет го стави на гласање предлогот на Славко Митевски – член на Советот.

По спроведеното гласање со 2 гласови ЗА, 2 гласови ПРОТИВ и 8 гласови ВОЗДРЖАНИ не е усвоен предлогот на Славко Митевски.

Претседателот на Совет ја стави предложената точка во нејзината основна форма на гласање.

**По спроведеното гласање со 12 гласови ЗА, 2 гласови ПРОТИВ и 1 глас ВОЗДРЖАНИ, констатирано е дека е усвоена Одлуката за утврдување надоместок за градежно земјиште за населеното место на подрачјето на Општина Карпош - с.Горно Нерези, односно населените места вон границите на ГУП на Град Скопје (кои претставуваат делови од КО Горно Водно, КО Долно Водно, КО Нерези и КО Нерези вон град)**

6. **Предлог – Одлука за утврдување надоместок за градежно земјиште за населените места на подрачјето на Општина Карпош - с.Бардовци, односно населените места вон границите на ГУП на Град Скопје (кои претставуваат делови од КО Бардовци)**

Претседателот отвори расправа.

Бидејќи никој не се јави за збор, претседателот го затвори претресот.

Претседателот на Совет го стави на гласање предлогот на Славко Митевски – член на Советот.

По спроведеното гласање со 2 гласови ЗА, 4 гласови ПРОТИВ и 9 гласови ВОЗДРЖАНИ не е усвоен предлогот на Славко Митевски.

Претседателот на Совет ја стави предложената точка во нејзината основна форма на гласање.

**По спроведеното гласање со 11 гласови ЗА, 2 гласови ПРОТИВ и 1 глас ВОЗДРЖАН, констатирано е дека не е усвоена Предлог - Одлуката за утврдување надоместок за градежно земјиште за населените места на подрачјето на Општина Карпош - с.Бардовци, односно населените места вон границите на ГУП на Град Скопје (кои претставуваат делови од КО Бардовци)**

7. **Предлог - Одлука за донесување на Урбанистички проект со план за парцелација за формирање на нови градежни парцели од ГП 05.01 од ДУП населба Злокуќани опфат “А” со намена В2 – здравство, КО Злокуќани, Општина Карпош, поднесено од БИЛД УРБАН ДООЕЛ Скопје**

Претседателот отвори расправа.

Зема збор Добрила Андоновска која посочи дека се работи за отварање на клиника за инвитро. Штета што не се одржуваат комисии при совет за да може подобро да се образложат и спознаат точките. Клиниката што ќе се гради на тоа место за кое се бара пацелација ќе работи со Фондот.

Зема збор Невена Георгиевска – член на Советот која посочи дека побарала информации од Секторот за урбанизам но не добила доволно информации. Клиниката работи моментално на ул.„Илинденска". Постави прашање кој е спопственикот бидејќи сопственик на имотот не е ЊУ БОРН. Дали новиот сопственик на парцелата може да побара пренамена. Зграда не може да се изгради, на тој дел може само здравство бидејќи таа е намената.

Претседателот на Совет праша која е процедурата доколку некој сака тој имот наместо здравство да го пренамени.

На прашањето, Благица Блажевска одговори дека тој имот е со намена здравство и за пренамена треба да се промени ГУП-от.

Се разви дискусија помеѓу Градоначалникот, Невена Георгиевска, Добрила Андоновска, Благица Цветановска, Предраг Станковски, Адријана Јакимовска Панчевска - членови на Советот, Претседателот на Совет и Благица Блажевска од Секторот за урбанизам.

Бидејќи никој друг не се јави за збор, претседателот го затвори претресот и ја стави точката на гласање.

**По спроведеното гласање со 11 гласови ЗА, 2 гласови ПРОТИВ и 1 глас ВОЗДРЖАН, констатирано е дека не е усвоена Предлог – Одлуката за донесување на Урбанистички проект со план за парцелација за формирање на нови градежни парцели од ГП 05.01 од ДУП населба Злокуќани опфат "А" со намена В2 – здравство, КО Злокуќани, Општина Карпош, поднесено од БИЛД УРБАН ДООЕЛ Скопје**

8. **Предлог – Одлука за расходување на средствата на опремата и ситниот инвентар по извршениот попис за 2024 година**

Претседавачот отвори расправа.

Зема збор Мирјана Ѓорѓиевска – од Секторот за финансии која даде образложение согласно доставените материјали до членовите на Совет.

Бидејќи друг никој не се јави за збор, претседавачот го затвори претресот и ја стави точката на гласање.

**По спроведеното гласање со 13 гласови ЗА, нема ПРОТИВ и нема ВОЗДРЖАНИ, констатирано е дека е усвоена Одлуката за расходување на средствата на опремата и ситниот инвентар по извршениот попис за 2024 година.**

9. **Предлог – Одлука за симнување од сметководствената евиденција на вонбилансни ставки**

Претседавачот отвори расправа.

Бидејќи никој не се јави за збор, претседавачот го затвори претресот и ја стави точката на гласање.

**По спроведеното гласање со 14 гласови ЗА, нема ПРОТИВ и нема ВОЗДРЖАНИ, констатирано е дека е усвоена Одлуката за симнување од сметководствената евиденција на вонбилансни ставки**

10. **Предлог-Заклучок за усвојување на Кварталниот извештај за извршување на Буџетот на Општина Карпош за извештајниот период (кумулативно) за квартал од 01.10.2024 година до 31.12.2024 година**

Претседавачот отвори расправа.

Бидејќи никој не се јави за збор, претседавачот го затвори претресот и ја стави точката на гласање.

**По спроведеното гласање со 14 гласови ЗА, нема ПРОТИВ и нема ВОЗДРЖАНИ, констатирано е дека е усвоен Заклучокот за усвојување на Кварталниот извештај за извршување на Буџетот на Општина Карпош за извештајниот период (кумулативно) за квартал од 01.10.2024 година до 31.12.2024 година.**

Претседавачот ја повика Благица Цветановска, претседател на Комисијата за јавни дејности да даде извештај од оддржаната седница на комисијата.

Зема збор Благица Цветановска и даде извештај од 42. оддржана седница на Комисијата за јавни дејности, со образложение дека сите точки се проследуваат до Советот на понатамошно усвојување.

Претседавачот предложи точките од 11 до 14 од дневниот ред да се разгледуваат интегрално во заедничка расправа а да се гласаат поединечно.
Предлогот беше ставен на гласање и усвоен со 15 „ЗА“ за заедничка расправа.

11. **Предлог-Решение за давање согласност на Одлуката за формирање на Комисијата за прием на деца над капацитет и утврдување на критериумите за прием на деца над капацитет во Јавната установа општинска детска градинка „Мајски Цвет“ Карпош-Скопје**

Претседавачот отвори расправа.

Се разви дискусија помеѓу Градоначалникот, Благица Цветановска, Виолета Куновска, Владимир Бислимовски, Добрила Андоновска, Христо Саракинов и Адријана Јакимовска Панчевска – членови на Советот.

Претседавачот го затвори претресот и ја стави точката на гласање.

**По спроведеното гласање со 11 гласови ЗА, нема ПРОТИВ и нема ВОЗДРЖАНИ, констатирано е дека не е усвоено Решението за давање согласност на Одлуката за формирање на Комисијата за прием на деца над капацитет и утврдување на критериумите за прием на деца над капацитет во Јавната установа општинска детска градинка „Мајски Цвет“ Карпош-Скопје.**

12. **Предлог-Решение за давање согласност на Одлуката за формирање на Комисијата за прием на деца над капацитет и утврдување на критериумите за прием на деца над капацитет во Јавната установа општинска детска градинка „Орце Николов“, Општина Карпош-Скопје**

**По спроведеното гласање со 11 гласови ЗА, нема ПРОТИВ и нема ВОЗДРЖАНИ, констатирано е дека не е усвоено Предлог - Решението за давање согласност на Одлуката за формирање на Комисијата за прием на деца над капацитет и утврдување на критериумите за прием на деца над капацитет во Јавната установа општинска детска градинка „Орце Николов“, Општина Карпош-Скопје.**

**По предлог на Добрила Андоновска член на Советот, се спроведе поименично гласање за точка 13 и точка 14 од дневниот ред.**

13. **Предлог-Решение за давање согласност на Одлуката за формирање на Комисијата за прием на деца над капацитет и утврдување на критериумите за прием на деца над капацитет во Јавната установа општинска детска градинка „Пролет“, Општина Карпош-Скопје**

Се премина на поименично гласање:

1. Член на Советот Зоран Краљевски - ЗА
2. Член на Советот Добрила Андоновска - ЗА

3. Член на Советот Адријана Јакимовска Панчевска – не се изјасни
4. Член на Советот Александар Илиески - ЗА
5. Член на Советот Давор Грче – не се изјасни
6. Член на Советот Благица Цветановска - не се изјасни
7. Член на Советот Христо Саракинов – не се изјасни
8. Член на Советот Предраг Станковски – не се изјасни
9. Член на Советот Убавица Игнатоска – не се изјасни
10. Член на Советот Марин Докузовски –не е присутен
11. Член на Советот Виолета Куновска - ЗА
12. Член на Советот Гордана Ивановски Велковска – не е присутна
13. Член на Советот Наталија Спировска – ЗА
14. Член на Советот Јахји Мемедов - ЗА
15. Член на Советот Владимир Бислимовски - ЗА
16. Член на Советот Александра Антевска – ЗА
17. Член на Советот Дејан Лазаревски – не се изјасни
18. Член на Советот Мартин Димоски - ЗА
19. Член на Советот Бранко Ристов – не е присутен
20. Член на Советот Ивана Петковски - ЗА
21. Член на Советот Славко Митевски - ЗА
22. Член на Советот Невена Георгиевска - не се изјасни
23. Член на Советот Татјана Стојановска – не се изјасни

**По спроведеното гласање со 11 гласови ЗА, нема ПРОТИВ и нема ВОЗДРЖАНИ, констатирано е дека не е усвоено Предлог – Решението за давање согласност на Одлуката за формирање на Комисијата за прием на деца над капацитет и утврдување на критериумите за прием на деца над капацитет во Јавната установа општинска детска градинка „Пролет“, Општина Карпош-Скопје.**

14. **Предлог-Решение за давање согласност на Одлуката за формирање на Комисијата за прием на деца над капацитет и утврдување на критериумите за прием на деца над капацитет во Јавната установа општинска детска градинка „Распеана Младост“, Општина Карпош-Скопје**

Се премина на поименично гласање:

Член на Советот Зоран Краљевски - ЗА

Член на Советот Добрила Андоновска - ЗА

Член на Советот Адријана Јакимовска Панчевска – не се изјасни

Член на Советот Александар Илиески - ЗА

Член на Советот Давор Грче – не се изјасни

Член на Советот Благица Цветановска - не се изјасни

Член на Советот Христо Саракинов – не се изјасни

Член на Советот Предраг Станковски – не се изјасни

Член на Советот Убавица Игнатоска – не се изјасни

Член на Советот Марин Докузовски –не е присутен

Член на Советот Виолета Куновска - ЗА

Член на Советот Гордана Ивановски Велковска – не е присутна

Член на Советот Наталија Спировска – ЗА

Член на Советот Јахји Мемедов - ЗА

Член на Советот Владимир Бислимовски - ЗА

Член на Советот Александра Антевска – ЗА

Член на Советот Дејан Лазаревски – не се изјасни

Член на Советот Мартин Димоски - ЗА

Член на Советот Бранко Ристов – не е присутен

Член на Советот Ивана Петковски - ЗА

Член на Советот Славко Митевски - ЗА

Член на Советот Невена Георгиевска - не се изјасни

Член на Советот Татјана Стојановска – не се изјасни

**По спроведеното гласање со 11 гласови ЗА, нема ПРОТИВ и нема ВОЗДРЖАНИ, констатирано е дека не е усвоено Предлог – Решението за давање согласност на Одлуката за формирање на Комисијата за прием на деца над капацитет и утврдување на критериумите за прием на деца над капацитет во Јавната установа општинска детска градинка „Распеана Младост", Општина Карпош-Скопје.**

**15. Предлог-Одлука за одобрување финансиски средства за опожарен дуќан – опожарени стоки (текстил)**

Претседавачот отвори расправа.

Зема збор претседавачот, кој посочи дека вообичаено за опожарен стан, дом Советот на Општина Карпош доделува 100,000,00 (сто илјади) денари и лично смета нема потреба во овој случај кога се работи за опожарени стоки (текстил) да се доделат повеќе финансиски средства.

Зема збор Градоначалникот кој реплицираше дека кога се работи за опожарен стан, луѓето имаат работа и не останувaат без средства за егзистенција, во овој случај лицето останува без основни средства бидејќи стоките кои се основ за егзистенција се опожарени и затоа е предложен поголем износ на финансиски средства.

Бидејќи никој не се јави за збор, претседавачот го затвори претресот и ја стави точката на гласање.

**По спроведеното гласање со 9 гласови ЗА, нема ПРОТИВ и нема ВОЗДРЖАНИ, констатирано е дека не е усвоена Предлог – Одлуката за одобрување финансиски средства за опожарен дуќан – опожарени стоки (текстил)**

По исцрпување на точките од дневниот ред, Претседателот на Советот ја затвори 61. редовна седница на Советот на Општина Карпош која заврши во 13:53 часот.

Изработил: Јелена Цветковиќ

**Број: 09-3714/4**
**Датум: 10.04.2025 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА**
**Бранко Ристов**